Бр./Nr 12-1310/3

18-05-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-та седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-1310/1 од 25.03.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1310 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-1310/1 од 25.03.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Сукцесивно, подносителот ја надополни пријавата на 19.04.2021 година, по електронски пати. Во пријавата, подносителот изразува особено и лично незадоволство од повеќе лица, без да даде опис и образложение за конкретни корупстивни наводи и однесувања. Кон пријавата се доставени прилози – електронски кореспонденции, за кои не е јасно на што се однесуваат.

Со увидот во содржината на пријавата и доставените прилози, ДКСК не утврди елементи за надлежно постапување за овој конкретен случај, заради што одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р В. Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk